**Гласен Текстилец**
**Ул. Сутјеска 59, 2 000 Штип**
**glasentekstilec@gmail.com**
**www.glasentekstilec.mk**

Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации 2010 (,,Сл.весник на РМ" бр.52/2010) и одлуката за основање на Здружение за заштита на работничките права ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ Штип, на седницата одржана на ден 15.01.2021 година го донесе следниов:

# С Т А Т У Т (пречистен текст)
# на
# Здружение за заштита на работничките права ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ - Штип

## Општи одредби
## Член 1

**Здружение за заштита на работничките права ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ - Штип** е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања за унапредување на граѓанското општество и локалните заедници, како и заради вршење на дејности и активности за поттикнување на моралните вредности, зајакнување на меѓуетничките односи и економски развој во и на територијата на Македонија и пошироко, а во согласност со Уставот и Законот.

## Член 2

Граѓаните се здружуваат во Здружението, заради остварување на своите права се интегрираат учествуваат економски културолошки и на општествен план остварување на своите цели и права.

## Член 3

**Здружение за заштита на работничките права ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ - Штип**, дејствува на територијата на РСМ, а се организира за подрачјето на општина Штип.
Здружението во своето дејствување може да се проширува на национално и може да соработува со организации, здруженија, фондации и институции, и да членува во асоцијации во земјата и странство согласно Уставот и Законот на РСМ и овој Статут.

## Член 4

Здружението со своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со односите утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, со овој Статут и Законите на РС Македонија.

## Член 5

Називот на здружението на граѓани е: **Здружение за заштита на работничките права ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ – Штип.**

Името на англиски јазик е: **Association for protection of workers' rights GLASEN TEXTILEC – Stip.**

Скратениот назив на Здружението е: **ЗЗРП Гласен Текстилец - Штип.**

## Член 6

Седиштето на здружението е во Штип, на ул Пролетерска бр. 42 **,** а се организира и делува на територијата на Република Северна Македонија и останатите земји.

## Член 7

**Здружение за заштита на работничките права ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ - Штип** има својство на правно лице со права обврски и одговорности кои произлегуваат од овој Статут и законските прописи.
**Здружение за заштита на работничките права ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ - Штип** го претставува и застапува Претседателот.

Здружението има свој печат и штембил:

Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението на Македонски јазик со кирилично писмо, а на средината стои логото на Здружението.

Штембилот на Здружението е правоаголен со следниот текст: **Здружение за заштита на работничките права ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ - Штип** на Македонски јазик со кирилично писмо, број, дата год. Штип.

## Цели и задачи на Здружението

## Член 8

**Визијата на Здружението е**: Граѓани работници со висока свест, едуцирани, информирани, ги уживаат своите права.

**Мисијата на здружението е:** Да биде водечка организација за остварување на правата на работниците во РСМ.

**Основни цели и задачи на Здружението се:**

1. Професионалност и транспарентност во работата на здружението;

2. Застапување на интересите во државата од приватниот сектор, со акцент на оние од текстилната, кожарската и чевларската индустрија;

3. Афирмирање и популаризација на проблемите на работниците и кршењето на нивните права;

4. Подигање на свеста на работниците преку едукации,трибини,конференции,семинари и други активности кои се Потребни;

5. Учество во подготовка на закони и други нормативни акти и прописи од областите на интерес на здружението и работниците во текстилната,кожарската и чевларската индустрија;

6. Изградба на сопствена структура за подготвка на проекти за развој и унапредување на здружението;

7. Стумулирање, лобирање, менаџирање, креирање и развој на соработка со

медиумите, бизнис секторот, други невладини организации, фондации, асоцијации и остварување на меѓународна соработка;

8. Поддршка, созадавање и развој на соработка со органите на централната и локалната власт, меѓународни институции и организации, странски амбасади и влади;

9. Стимулирање, поддршка, имплементација и застапување на работниците, преку позитивните примери во европските држави. Учество во решавање, надминување и задоволување на проблемите и потребите на работниците во текстилната,кожарската и чевларската индустрија;

10. Вршење и други активности и облици на работа кои придонесуваат за унапредување на правата на работниците ,популаризација на проблемите и подигање на свеста на работниците;

11. Оформување и развој на мрежи и групи со организации со цел зајакнување на капацитетите за подобрување на правата на работниците;

12.  Популаризација и афирмација на статусот и кршењето на правата на маргинализираната и ранливата популација која работи во текстилната,кожарската и чевларската индустрија (роми, лгбт, зависници, сексуални работници и др.);

13. Јакнење и развивање на волонтеризмот и волонтерскиот менаџмент и активно вклучување на младите како во организацијата така и надвор од неа;

14. Социјална инклузија и подигање на свеста на граѓаните работници преку уметноста и културата.

**Член 9**

Здружението со посебна одлука може да формира акционерско друштво, друштво со ограничена одговорност и друг облик, согласно Законот за трговски друштва на РМ.

Здружението работи врз основа на план и програма за работа.

**Член 10**

Своите цели и задачи здружението ги остварува преку утврдена Програма за работа, односно преку следниве активности:

- организирање на конкретни програмски активности;
- спроведување на заеднички проекти;
- организирање на конференции, семинари, обуки и друг вид на активности;
- поттикнување на иницијативи кај надлежните органи и институции во насока на остварување на целите на Здружението;
- медијација;
- врши и други работи предвидени со овој Статут;
- дава професионални услуги на барање на други физички и правни лица во насока на активна борба за заштита и унапредување на човековите и работничките права;
- правно советува и насочува во насока на остварување на работничките и останатите човекови права на своите членови и на вработените во индустриите кои ги покрива,
- лобирање, хуманитарни акции, волонтирање, нудење на услуги на корисници, вмрежување со сродни организации на национално и меѓународно ниво.
- здружување, вмрежување, соработка, партнерство, заштита на професијата, психо-физичка поддршка на целните групи, културено – забавен живот, подигнување на свесност, информирање и популаризација на професијата, промоција за широка популација, стандарди на квалитет во професијата, советување и поддршка на корисници.

## Членување

### Член 11

Член на **Здружение за заштита на работничките права ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ - Штип** може да биде секој полнолетен граѓанин, државјанин на Република Северна Македонија и/или странец, кој доброволно ќе пристапи кон здружението со давање на писмена изјава.

Малолетно лице со наполнети 14 години се зачленува во здружението со давање на потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување, во согласност со Закон.

Зачленувањето на Здружението се врши со пристапница или издавање на членска книшка, која при исклучување или престанок на членувањето во Здружението, задолжително се враќа со потпишување на лична писмена изјава.

**Здружение за заштита на работничките права ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ - Штип** за своите членови води регистар на членство кој се ажурира еднаш годишно.

### Член 12

Членот има право да бира и да биде биран во органите на Здружението, да учествува во работата на Здружението, да придонесува во развојот, промовирање и популарноста на Здружението, доброволно да се откаже од членувањето, да ги изнесува своите ставови по поставени прашања. Правото да бидат избрани е ограничено само за малолетните членови.

### Член 13

Членовите на Здружението се должни:

- да го почитуваат Статутот,
- да присуствуваат на состаноците, да доставуваат податоци и извештаи за работата на Здружението во остварувањето на целите на Здружението
- да земаат активно учество во спроведувањето на Програмата на активностите на Здружението,
- да ги извршуваат активностите предвидени со Програмата за работа.

**Член 14**

Членството во Здружението може да престане:

- по барање на членот на Здружението,
- ако не го почитува Статутот и обврските кои произлегуваат од него,
- ако дејствува против целите на Здружението,
- по барање на 1/3 од членовите на Собранието
- или по барање на Претседателот на Здружението

Одлука за престанок на членството во Здружението донесува Претседателот на Здружението.

**Јавноста во работата**

**Член 15**

Работата на **Здружение за заштита на работничките права ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ - Штип** е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување ( на членовите, други здруженија или пошироката јавност) за работењето и активностите на Здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на Здружението, за материјално – финансиско работење и друго.

За информирање на членовите и пошироката јавност се користи печатот, радиото, телевизијата , како и весниците и таблата за јавно огласување која стои на видно место во просториите на самото здружение. Здружението располага со свои алатки за известување на јавноста преку социјалните мрежи, ворд прес, фб, инстаграм, твитер…

**Финансирање на здружението**

**Член 16**

Здружението остварува средства од:

- членарина,
- донации, доброволни прилози,
- буџет на РСМ и локалните самоуправи,
- давање на услуги на други здруженија, организации и институции
- провизии од органи, организации,
- заедници и од други установи,
- од трговски друштва и други правни лица;
- од други услуги (професионални услуги, имотни права и сл.),

- од други извори предвидени со Законот и Статутот

**Член 17**

Користење и располагањето со средствата на Здружението добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми, утврдени со финансискиот план и врз основа на валидни документи. Најчесто преку програмите и проектите од фондациите/донатори кои претходно имаат јасно утврдени барања, критериуми и план за трошење на средства согласно одобрениот проект.

**Член 18**

За користење и располагањето со средствата одлучуваат органите на Здружението, согласно надлежносите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целосообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите. Средствата се користат согласно барањата на донаторите, испратениот и одобрен буџет врз основ на потпишан договор за користење на грант, но пред се, согласно пропишаните законски утврдени норми во нашата земја, во согласност со политиките на здружението за финансиско работење и договорот со донаторите.

За останати средства добиени преку донации и други начини, освен проекти од донатори, се користат единствено за поддршка на работењето на здружението, одржување на канцелариите на здружението и други трошења кои се потребни за нормално функционирање на здружението и овозможување да ги продолжи сервисите на своите корисници.

**Член 19**

**Здружение за заштита на работничките права ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ - Штип** донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 16 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, материјали, трошоци за работа на Здружението и други расходи сврзани со работата на Здружението. Финансискиот план може во секое време да се измени.

**Гласен Текстилец**
**Ул. Сутјеска 59, 2 000 Штип**
**glasentekstilec@gmail.com**
**www.glasentekstilec.mk**

## Органи на Здружението

**Член 20**

Органи на **Здружение за заштита на работничките права ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ – Штип:**

1. Собрание
2. Надзорен одбор
3. Претседател

## Собрание на здружението

**Член 21**

Собранието е највисок орган на Здружението. Собранието на **Здружение за заштита на работничките права ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ - Штип** го сочинуваат сите полнолетни членови на Здружението.

Собранието избира Претседател со мандат од 4 години со право на повторен избор. Претседателот го застапува и претставува Здружението.

Собранието избира Надзорен одбор со мандат од 4 години, со право на повторен избор.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

**Член 22**

Изборното Собрание се свикува на секои 4 години и конституирањето на органите и телата мора да се изврши 30 дена пред истекот на мандатот на членовите на органите и телата.

Поканата со материјалите за дневен ред во писмена форма се доставуваат најмалку 7 дена пред одржување на седницата.

**Член 23**

На изборното собрание се избира:

- Работно претседателство од три члена;
- Записничар;
- Двајца оверувачи на записникот;
- Органи на управување на Здружението.
-

**Член 24**

Седници на Собрание свикува Претседателот на Собранието по сопствена иницијатива.

Седници на Собранието се свикува и по предлог на член на Собранието на Здружението или на 1/5 од вкупниот број членови на Собранието.

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Надзорниот одбор или иницијаторите.

Начинот на свикување на седниците на Собранието на Здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието

**Член 25**

Собранието на **Здружение за заштита на работничките права ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ – Штип е** од редовите на своите членови , пред се основачи и оние со право на глас . Собранието на редовни или вонредни собранија може да избира Надзорен одбор.

**Член 26**

Собранието може полноправно да одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

На Собранието се одлучува со јавно гласање, но по потреба и на предлог од 1/3 од членовите / делегатите гласањето може да биде и тајно.

Членовите на Собранието во секое време треба да ги имаат целите и интересите на Здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

**Член 27**

Собранието ги врши следните работи:

- Донесува Статут на Здружението и врши измени и дополнувања на истиот;
- Усвојува годишен извештај, насоки и план за работа,
- Усвојува завршна сметка и финансиски план,
- Одлучува за промена на целта на здружувањето
- Одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на здружението
- Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации.
- Констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- Избира Претседател на Здружението;
- Донесува програма за работа на Здружението;
- Расправа за постигнатите резултати од развојот на Здружението и дава насоки за натамошен развој на Здружението;

- Донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението;
- Избира и разрешува членови на Надзорниот одбор.
- Разгледува и одлучува врз основ на наодите на Надзорниот одбор.
- Одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство;
- Врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите,

**Надзорен одбор**
**Член 28**

Надзорниот одбор на Здружението брои 3 членови кои се избираат од редот на членовите на Здружението, и од редот на истакнати и заслужни граѓани, по предлог на 1/5 од Собранието или по предлог на Претседателот.

Членовите на Надзорниот одбор во исто време не можат да бидат и членови на други органи на Здружението.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 4 години, со право на реизбор.

**Член 29**

Надзорниот одбор работи на седници.

Седниците ги свикува претседателот и раководи со нивната работа.

Претседателот на Надзорниот одбор свикува седници најмалку еднаш годишно и по потреба.

**Член 30**

Надзорниот одбор ги врши следниве работи

- Врши надзор на правилното спроведување и примена на одредбите од статутот и другите општи акти на Здружението;
- Врши надзор на извршувањето на одлуките на Собранието и Претседателот;
- Врши надзор за наменско трошење на средствата;
- Еднаш годишно поднесува извештај за направениот увид;
- Предлага мерки за спречување и отстранување на неправилностите во работата;
- Врши и други работи согласно законот и актите на Здружението;

Своите наоди и одлуки надзорниот одбор ги доставува до Собранието и Претседателот на Здружението.

Гласен Текстилец
Ул. Сутјеска 59, 2 000 Штип
glasentekstilec@gmail.com
www.glasentekstilec.mk

## Престанок на Здружението

**Член 31**

Здружението престанува со работа во следниве случаи:

- Ако за тоа се изјаснат 2/3 од членовите на Собранието на Здружението;
- Ако бројот на членовите се намали под бројот определен со Закон за основање на Здружение ;
- Ако настапат причини утврдени по член 63 од Законот за здруженија и фондации.

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

**Член 32**

Во случај на престанок на работатата на Здружението, имотот и другите права и приходи што останувaат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на организација истоветна на здружението.

**Член 33**

Доколку неможат да се исполнат условите утврдени во Членот 46, во случај на престанување на работата на здружението неговиот имот преминува во сопственост на Република Македонија.

## Преодни и завршни одредби

**Член 34**

Толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието на Здружението и позитивните законски одредби.

**Член 35**

Измени и дополнувaње на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

**Член 36**

Овој Статут влегува во сила од денот на неговото донесување.

Датум и место
**15.01.2021, Штип**

**Здружение за заштита на работничките права ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ - Штип**

**Претседателка: Кристина Ампева**